**ПОКАНА ЗА УЧЕСТВО НА НАУЧЕН СОБИР**

# *Негирањето на македонскиот јазик и македонската нација како форма на политички говор на омраза*

**(4 и 5 ноември 2026 година, Скопје[*])**

Во услови на засилени политички, медиумски и институционални наративи што ги проблематизираат или негираат постоењето, историскиот континуитет и легитимитетот на македонскиот јазик и на македонската нација, се наметнува потребата од систематска, научна и интердисциплинарна анализа на овие појави како специфична форма на политички говор на омраза.

Со оваа цел, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ и Истражувачкиот центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“ при МАНУ организираат научен собир посветен на критичко разгледување на механизмите, дискурсите и последиците од негирањето на македонскиот јазик и македонскиот национален идентитет, како и нивното место во пошироките рамки на човековите права, меѓународното право, политиките на сеќавање и современите геополитички процеси.

Во согласност со релевантните документи и нормативни рамки на Обединетите нации, Советот на Европа и Европската Унија, кои говорот на омраза, дискриминацијата и негирањето на идентитетот ги препознаваат како сериозни повреди на човековите и колективните права, научниот собир има цел да поттикне академска и интердисциплинарна анализа на негирањето на македонскиот јазик и на македонската нација како форма на политички мотивиран говор на омраза и дискриминаторен јавен дискурс.

## Тематски области

- Негирањето на јазичниот и националниот идентитет како форма на политички, институционален и симболички говор на омраза и дискриминаторен јавен дискурс;

[*] Точното место на одржување на Научниот собир ќе биде најавено дополнително.

- Историски, јазични и културолошки аспекти на македонскиот јазик како носител на културните права и нематеријалното културно наследство;
- Политички дискурс, институционално негирање и релации на моќ во контекст на меѓународното право за човекови права;
- Говор на омраза, дискриминација и усогласеност со европските и меѓународните стандарди за заштита на човековите и колективните права;
- Историски ревизионизам и исклучувачки наративи во регионален и европски контекст;
- Македонското прашање во регионалните, европските и геополитичките рамки;
- Медиумска репрезентација, јазик на исклучување и јавен дискурс;
- Правни, етички и институционални аспекти на негирањето на колективниот идентитет и принципот на човековото достоинство;
- Културна и колективна траума како последица на долготрајно негирање, симболичко насилство и политички притисоци врз јазикот и идентитетот;
- Улогата и одговорноста на академската заедница, јавните институции и политичките актери во спротивставувањето на ревизионизмот и дискриминацијата;
- Методологии на дискурс-анализа и интердисциплинарни пристапи.

**Поканети се:**

Истражувачи, универзитетски професори, докторанди, постдокторанди и експерти од областа на лингвистиката, историјата, политичките науки, правото, социологијата, комуникологијата, културологијата, филозофијата и сродните дисциплини.

**Формат на учество:**

Научниот собир ќе вклучи пленарни излагања, тематски панели и отворени дискусии*. Учеството на научниот собир е **без котизација**. Селектирани трудови (незадолжително) ќе бидат земени предвид за објавување во специјален број на рецензирано меѓународно научно списание.

**Јазик на научниот собир:**

Македонски јазик.

Со почит и срдечно,

Програмскиот и Организацискиот одбор на Научниот собир

* Одбраните автори дополнително ќе бидат известени за деталите околу излагањата.

**ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ АПСТРАКТИ**

- Еден автор може да поднесе повеќе апстракти
- Рок за доставување апстракти: **30 мај 2026 година**
- Известување за прифатен апстракт: **до 30 јуни 2026 година**
- Апстрактите треба да се испратат во ворд-формат на следната е-адреса: **milka.dimitrovska@isppi.ukim.edu.mk**
- При испраќањето, авторите треба да назначат дали се пријавуваат да учествуваат **само со презентација**, без поднесување труд, или со намера да достават **целосен труд (за можно објавување)** доколку бидат одбрани.
- Пријавата треба да содржи:
  - Податоци за авторите (име, презиме, академска титула, институција/организација, е-пошта)
  - Наслов на презентацијата
  - Апстракт: максимум 350 збора
  - Клучни зборови: максимум 7

**Програмски одбор:**

Проф. д-р Ганка Цветанова, ИСППИ – УКИМ

Академик Катица Ќулавкова, ИЦАЛ – МАНУ

Академик Марјан Марковиќ, ИЦАЛ – МАНУ

Проф. д-р Маријана Марковиќ, ИСППИ – УКИМ

Проф. д-р Елеонора Серафимовска, ИСППИ – УКИМ

**Организациски одбор:**

Доц. д-р Милка Димитровска, ИСППИ – УКИМ

Ас. д-р Теа Конеска-Василевска, ИСППИ – УКИМ

Д-р Давор Јанкулоски, ИЦАЛ – МАНУ